СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# ПРОГРАМА
# за учество на работилница

*за наставници од средните училишта*
*во Република Северна Македонија*

Содржините на работилницата се развиени и реализирани од Одделението за едукација и комуникација во Парламентарниот институт на Собранието на Република Северна Македонија

**Општи информации**:

Парламентарниот институт е посебна организациона единица во Службата на Собранието на Република Северна Македонија, кој функционира како центар за истражување, едукација и информирање, воспоставен на принципите на непристрасност, достапност и кредибилитет.

Парламентарниот институт, помеѓу останатото, спроведува активности за едукација и информирање на граѓаните за работата и улогата на Собранието (согласно својата стратешка цел за отвореност на Собранието кон јавноста).

Во таа насока, од 2021 година, Парламентарниот институт започна со организација на работилници наменети за наставници од средните училишта во Република Северна Македонија. Во текот на годината, планирано е да се организира една работилница за оваа целна група. Активноста претставува посебна програма на Одделението за едукација и комуникација на Парламентарниот институт која се спроведува како работилница во времетраење од пет и пол часа. Овој тип на работилници се наменети за наставници од средните училишта, кои во рамките на наставните предмети предаваат содржини поврзани со управувањето со општеството, активното граѓанство и власта во Република Северна Македонија. Таков предмет во наставните програми на средните стручни училишта е предметот Граѓанско образование, кој се изучува во I година.

**Опис на работилницата**

Работилницата е замислена да се спроведува во вид на семинар со времетраење од пет и пол часа. Работилницата претставува обид да бидат опфатени оние аспекти на наставната програма поврзани со работата и улогата на Собранието во системот на поделба на власта, со фокус на нивната практична примена. Низ работилницата преовладува интерактивниот пристап, што претпоставува вклученост на учесниците низ поставување прашања и дискусии и размена на искуства.

Работилницата започнува со организирана обиколка низ свечениот дел на зградата на Собранието, која вклучува посета на салата Македонија (пленарна сала), салата Борис Трајковски, Холот пред Кристалната сала, Кристалната сала, Салата на Уставна комисија, Охридската и Струшката соба, Спомен собата на АСНОМ, салата Длаборез, Холот со портрети и Салата под Големата купола. Преку обиколката, учесниците имаат

можност одблиску да го запознаат просторот во кој работат пратениците во Собранието на Република Северна Македонија.

Агендата на работилницата се состои од четири тематски сесии. Во првата сесија се разгледува потребата за политичка едукација на младите и местото на граѓанското образование во новата наставна програма која беше дел од воведените реформи. Целта на оваа сесија е да се направи размена на искуства помеѓу наставниците (формална политичка едукација) и претставниците од Парламентарниот институт кои спроведуваат различни едукативни активности во форма на неформална политичка едукација.

Целта на втората сесија е да се запознаат учесниците со бројните информативни и едукативни материјали подготвени од страна на Парламентарниот институт на различни теми поврзани со демократијата и работата на законодавниот дом. Преку оваа сесија на наставниците им се нудат можности како да ги искористат овие материјали за постигнување на поголема интерактивност при наставата со цел олеснување на процесот на приближување на Собранието до учениците.

Во третата сесија, на учесниците им се претставуваат едукативните активности организирани од Парламентарниот институт наменети за ученици од средните училишта. На овој начин, наставниците се запознаваат со можностите за идна соработка и вклучувањето во едукативните активности на Парламентарниот институт во рамките на реализацијата на наставната програма.

Во рамките на последната сесија ќе бидат вклучени и пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, членови на Комисијата за образование, наука и спорт. Во текот на сесијата ќе им се овозможи на учесниците да дискутираат со пратениците за новите наставни програми во образованието и за статусот и местото на Граѓанското образование во образовниот процес. На овој начин, преку директен разговор, учесниците ќе имаат можност да се запознаат и со работата на пратениците и улогата на Комисијата за образование, наука и спорт.

На сите учесници на работилницата на крајот им се доделува сертификат за учество.

| | |
|---|---|
| **<u>Општа цел на работилницата:</u>** | Наставници подготвени да одговорат на предизвикот за успешно менторирање на учениците за улогата на Собранието во системот на поделба на власта и концептот на граѓанско општество, со што младата популација ќе се поттикне и подготви за општествена и политичка критичност и вклученост. |
| **<u>Број на учесници</u>:** | По еден наставник од училиште. Од оние училишта во кои се одвива двојазична настава, дозволено е учество на двајца наставници. |
| **<u>Време:</u>** | Еднаш годишно |
| **<u>Место:</u>** | Сала Борис Трајковски во Собранието |
| **<u>Јазик:</u>** | македонски јазик со обезбеден превод на албански јазик |
| **<u>Обучувачи:</u>** | Работилницата ќе биде реализирана од страна на обучувачи од Одделението за едукација и комуникација во Парламентарниот институт. |
| **<u>Трошоци:</u>** | Учеството на работилницата е бесплатно и вклучува бесплатни едукативни материјали, оброк и освежување за време на настанот. Трошоците за транспорт од/до местото на работилницата ги покриваат самите учесници. |
| **<u>Начин на пријавување:</u>** | По претходна покана од страна на Парламентарниот институт, секое од училиштата кои ќе бидат поканети да учествуваат, номинира по еден наставник кој ќе биде дел од активноста и ги доставува неговите/нејзините податоци. |
| **<u>Контакт:</u>** | e-mail: parl.inst@sobranie.mk<br>тел: 02/3182-227 |

**<u>Посебни цели на работилницата:</u>**

На крајот на работилницата, наставниците:

- ќе бидат запознаени со просторот каде работат пратениците;
- ќе разберат кои се механизмите преку кои еден граѓанин може да биде активен во општеството;
- ќе бидат подготвени за успешно пренесување на знаењата за работата и улогата на Собранието во системот на поделба на власта;
- ќе бидат детално запознаени со едукативните и информативните материјали на Парламентарниот институт и на кој начин истите да ги искористат во насока на олеснување на процесот на приближување на Собранието до учениците;
- ќе ги знаат можностите за идна соработка и ќе се вклучат на идните едукативни активности на Парламентарниот институт наменети за ученици од средните училишта;
- ќе имаат можност директно на народните избраници да им ги пренесат своите искуства и предизвиците со кои се соочуваат во наставата.

За постигнување на овие цели, работилницата ќе ги опфати следните **<u>содржини:</u>**

| Содржини | времетраење |
|---|---|
| Организирана обиколка на зградата на Собранието | 60 минути |
| Неформална наспроти формална политичка едукација (состојби, перспективи и можности за соработка) | 60 минути |
| Користење на едукативните и информативните материјали на Парламентарниот институт | 15 минути |
| Презентација на едукативните активности на Парламентарниот институт наменети за ученици од средните училишта | 30 минути |
| Средба со пратеници - членови на Комисијата за образование, наука и спорт | 60 минути |
| Евалуација на работилницата | 15 минути |